РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-248/2
15-07-2025

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 20 – тата седница одржана на 04.07.2025 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 09-248/1 од 17.01.2025 година, оформен по пријава за утврдување на состојба на судир на интереси против службеното лице -----, член на Комисијата за --------, СЕ ОТФРЛА.

Државната комисија оцени дека нема наводи во пријавата кои укажуваат за незаконити или недозволиви дејствија на пријавеното лице при вршење на неговите јавни овластувања, по што нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето, а препис од одлуката да се достави до подносителот.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со бр.09-248/1 од 17.01.2025 година е оформен по пријава од познат подносител, со наводи за сомнение за постоење на состојба на судир на интереси.

Имено, во пријавата се наведува дека кај лицето ----- постои судир на интереси согласно член 2 став 3 од ЗСКСИ, со самиот факт што е член на Лидерската група за ----, како една сосема нова иницијатива која што преку дискусии, соработка и затапување ќе работи на унапредување на родовата еднаквост во македонското општество.

Според пријавителот, лицето ------- своето залагање за родова еднаквост, како член на Комисијата за ------ јасно го изразувало во јавниот простор преку видео обраќање на платформата на Хера-Асоцијација за здравствена едукација и истражување, како и негово залагање преку дејствија и проекти за унапредување на родовата еднаквост во

РСМ со кое како службено лице, самиот врз себе и врз останатите членови на Комисијата влијае врз непристрасно вршење на неговите овластувања и службени должности, како и овозможување на корист, во конкретниот случај на здруженијата на унапредување на родовата еднаквост, овозможувајќи им корист матријална и нематријална, придобивка, погодност.

Исто така пријавителот наведува дека лицето ------ кој треба да ги заштитува луѓето од дискриминација согласно Закон, да овозможи правна сигурност и еднаквост за сите луѓе, истиот вршел дискриминација и влијание повластувајќи група на луѓе кои се заштитуваат на родова еднаквост и кои дискриминаторски основи ги преферираат родот и родовиот идентитет како категории кои Уставот на РСМ не ги познава.

По разгледување на наводите од пријавата, Државната комисија оцени дека во конкретната ситуација не може да покрене постапка за утврдување на постоење судир на интереси согласно член 76 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси бидејќи во врска со пријавената ситуација не постои судир на интереси согласно член 2 став 3 од истиот Закон.

Имено, службеното лице ------, член на Комисијата за ------- не извршил незаконити или недозволиви дејствија при извршувањето на неговите јавни овластувања и службени должности со кои би остварил приватен интерес.

Имајќи го во предвид се погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата на седницата одржана на ден 04.07.2025 година одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: М.М. – соработник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц. - член

Република Северна Македонија
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut